Интервју: проф. д-р Милорад Јовановски - декан на Градежниот факултет - Скопје

# Факултет кој прв има формирано Фондација за стипендирање на талентирани студенти



*Вреди да се истакне дека имаме и три целосно нови лаборатории за санитарна хидротехника, геотехника и енергетска ефикасност*

**Ве молиме накусо да го претставите Вашиот факултет, кога е основан, кои насоки се изучуваат, со каков кадар располага, колку студенти и постдипломци имате во моментот...**

Градежниот факултет во Скопје е најстариот технички факултет во Р. Македонија и еден од неколкуте факултети кои го оформија Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“. Неговите зачетоци се поврзани со 6 октомври 1949 година кога отпочна наставата на тогашниот Технички факултет. Во тој период на Техничкиот факултет постоеја два оддела, Градежен и Архитектонски, така што овој датум се одбележува традиционално и како ден на Градежниот факултет.

Факултетот во моментов одржува предавања на студиските програми за градежништво, геодезија и геотехника на сите три циклуси на студии. На студиската програма за градежништво постојат три модули, каде насочувањето ќе биде главно во вториот циклус на студии и тоа модул за конструкции, хидротехника и за патишта и железници.

На Факултетот во моментот има запишани над 1100 редовни студенти, околу 250 студенти на постдипломски студии и 12 доктoранти.

За нивно школување, ангажирани се 37 наставници и 19 асистенти, а голема помош даваат и одреден број соработници кои се воедно и студенти на докторските студии.

**По што се разликува Градежниот факултет од останатите факултети во Македонија, што е тоа што го прави посебен?**

Градежниот факултет е особено горд што е дел Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, и што дава полн придонес во неговата работа.



Нашата посебност во однос на другите Факултети е изразена на повеќе начини. Имено, факултетот многу полага на традиционалноста и континуитетот во работата, но од друга страна е еден од најлибералните факултети и современ центар за едукација. На пример, поседуваме добро опремен компјутерски центар и голем број лаборатории за изведување на практичната настава. Вреди да се истакне, дека покрај постарите имаме и три целосно нови лаборатории кои се добиени како донација од страна на Владата на Република Македонија. Тоа се лабораториите за санитарна хидротехника, геотехника и енергетска ефикасност. Ова овозможува идните студенти да имаат можност за практична потврда на што ќе го чујат на предавањата.

Посебно сме горди што сме првиот Факултет во рамките на Универзитетот кој има формирано Фондација за стипендирање на талентираните студенти, така што во моментот имаме над 60 студенти кои се помогнати со стипендирање.

Покрај тоа, Факултетот се одликува со исклучителна отвореност и комуникативност кон нашите студенти, а наставниот кадар е постојано достапен за консултации и помош. Имаме и отворената другарска соработка со Студентскиот парламент, при што целосно се помагаат нивните активности на спортско поле, учество на Студентски меѓународни собири и други манифестации.

Уште повеќе, веројатно сме и единствениот Факултет каде на студентите им се ставени на располагање 24 часа четири училни за едукација, припрема на програмите и за другите нивни активности.

На крај, посебноста на Градежниот факултет лежи и во самиот факт што во историјата остануваат заметени градителите, а едукацијата на градителите се прави точно на нашиот Факултет.

**Дали предвидувате новини за академската 2013/2014 година и какви?**

Најзначајната новина, е што со почетокот на учебната 2013/2014 година, наставата ќе започне да се реализира по систем на студирање принцип 3+2+3 години.

Имено, првите три години ќе бидат посветени на првиот циклус, наредните две за вториот циклус или постдимпломски студии, а на крај, следуваат докторските студии или третиот циклус на студии.

Со ова ќе се овозможи компетитивност и лесно поврзување со студиските програми на Европските едукативни центри, бидејќи скоро секаде е прифатен овој модел на студирање.

Значајна новина е што при факултетот од февруари оваа година започна со настава и втор циклус на студии по Менаџмент на недвижности. Ова е резултат од нашата соработка со Кралскиот Институт од Шведска, а интересно е што покрај завршените геодетски и градежни инженери, на оваа насока може да се запишуваат и завршени студенти од економските и правните науки, со што се обезбедува и интердисциплинарност.




**Колку студенти во државна и во приватна квота е предвидено да се запишат на Вашиот факултет во академската 2013/2014 година и колкави се износите за кофинансирање?**

Оваа година планираме упис на вкупно 300 студенти на сите студиски програми. Планирано е 200 студенти да бидат во државната квота, а останатиот дел со кофинансирање. Износот за партиципација е стандарден како и кај останатаите државни факултети, односно студентите во државна квота плаќаат 200 ЕВРА на годишно ниво, додека останатите се по 400 ЕВРА на годишно ниво.

**Кои студии на Вашиот факултет вообичаено се најатрактивни за студентите и за работодавачите и зошто?**

Според резултатите од уписите во последните три години, произлегува дека има многу зголемен интерес за студирање на сите насоки. На пример, минатата година се запишани над 300 нови студенти, што е за околу 3,5 пати повеќе во споредба со времето пред 5 години.

Може да се каже, дека секоја насока е на свој начин атрактивна, а во последно време се најатрактивни студиите по геодезија. Ова е резултат на фактот што со процесот на легализација на дивоградбите, е неопходно присуството на геодетски инженери кај секој објект.

Од друга страна, и кај другите насоки интересот е задоволителен. Затоа, слободно може да се кажам дека матурантите нема да направат грешка, без разлика на која студиска програма би се определиле на нашиот факултет, бидејќи во пракса се чувствува дефицит на кадар за сите дисциплини.

**Каква е соработката на Вашиот факултет со домашни и меѓународни институции? Во што се состои таа?**

Една од најсилните страни на Градежниот факултет е точно овој аспект. Имено, Факултетот соработува активно со сите сродни факултети во опкружувањето врз основа на потпишани Меморандуми за соработка. Такви меморандуми имаме со Универзитетите во Загреб, Белград, Подгорица, потоа со Универзитетот во Бохум, Р. Германија, Кошице и Братислава од Словачка, Краков во Полска, со Кралскиот инситут од Шведска, Фиренца – Италија, неколку факултети во Украина, Москва и други.

Покрај тоа, целиот научен кадар активно учествува во



сите стручни и научни здруженија кај нас и во светот. Може да се каже, дека кадарот на факултетот е и моторната сила која ја креира и афирмира политиката за развој на градежништвото, геодезијата и геотехниката во државата. Ова посебно е изразено со активното учество и соработка кај сите домашни Јавни претпријатија и Агенции, Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Институтот за стандардизација, Стопанската комора и други институции. Со оваа соработка, на конкретен начин се пласираат научните новини, но и практичниот дел на нашата струка преку соработката на поле на изработката на стручни анализи, студии, проекти, ревизии и друго.

**Кои меѓународни програми ги применувате и какво е досегашното искуство?**

На полето на размена на студенти се користат можностите кои ги нудат Еразмус и CEEPUS програмите за мобилност на студентите. Со тоа се создава можност дел од студентите своето образование студентите да го поминат на друг Универзитет во странство.



Посебно треба да се истакне се користат поволностите кои ги нудат програмите SEEFORM, каде со сродните Универзитети од Бохум, Р. Германија, Република Србија, Албанија и други, преку помошта на Германската влада од DAAD програмата. Со тоа се создаваат услови за поврзување на најсилните студенти од регионот и нивна заедничка работа на полето на научно усовршување на ниво на докторските студии. DAAD програмата овозможува помош и на полето на управување со недвижностите, што е еден од најзначајните проблеми на кои ќе се работи во иднина.

Дел од нашите наставници имаат користено придобивки од Фулбрајтовата програма повр-






зана со помошта на Амбасадата на САД, а многу се значајни активностите во т.н. COST програма, која главно се координираат од административниот центар на Европа – Брисел.

Во секој случај сите овие искуства се исклучително драгоцени за да се согледа реалното реноме на Факултетот на меѓународен план.

**За крај, која е Вашата порака до идните студенти?**

На матурантите може да им се порача дека иднината е во градежништвото. Општо е познато дека околу 16 други гранки од општеството се поврзани со инвестициите во градежништвото.

Ако се знае, дека кај нас веќе започна со изведба автопатот од Демир Капија до Смоквица, а оваа и наредните години се планира интензивна инвестициона активност поврзана со планираната градба на хидроенергетските системи Бошков мост и Луково поле, гасоводниот систем на Р. Македонија и повеќе други градби, тогаш е јасно, дека со отвара голем простор за вработување и стекнување на значајно искуство на нашите кадри. Со гордост може да се каже дека експертите од Факултетот, како проектанти, ревиденти, надзорни органи или консултанти, учествувале во градбата на практично сите капитални објекти во нашата земја.

Затоа, традиционално, при секое претставување на Факултетот, ја упатувам истата порака до матурантите, дека секој којшто сака да остане запаметен дека нешто гради и создава во интерес на заедницата, без двоумење треба да се запише на Градежниот факултет.


